ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 20 ДАТА 25.05.2016 ГОДИНА 34

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 20 ДАТА 25.05.2016 г.


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД КОМИТЕТОТ ЗА ИТНОСТ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВЕН ОДБОР НА ФФМ
- ТАБЕЛИ ОД ТРЕТИТЕ ФУДБАЛСКИ ЛИГИ
- ТАБЕЛА ОД ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 23.05.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ТРАБЗОНСПОРТ„ с. Горна Бањица: Радичевски Д. Милан и Радичевски С. Никола, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

**Седница од 24.05.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „ТИВЕРИЈА„ Струмица: Стефановска М. Надица, по член 35/1.

Комитет за итност

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-691/4
09.05 2016 год.

Врз основа на член 58 од Статутот на ФФМ ,Комитетот за итност на ФФМ во состав: Илчо Ѓорѓиоски - претседател, Муамед Сејдини -потпретседател и Светозар Станковски - член на седницата одржана на 09.05.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се утврдува Летниот преоден рок за натпреварувачката 2016/17 да започне на 15.06.2016 година и заврши на 31.08.2016 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по усвојување а ќе се потврди на наредната седница на Управниот одбор.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комитетот за итност на седницата одржана на 09.05.2016 година ја утврди обврската за определување на почетокот и времетраењето на летниот преоден рок за натпреварувачката 2016/17 година па согласно одредбите на член 26 од Правилникот за регистрации,статус и трансфер на фудбалери и прописите на ФИФА поврзани со регулирање на трансфер на фудбалери соодветно имплементирани во ТМС системот на ФИФА се произнесе како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-691/4

Комитет за итност

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр.0202-691/5
09 05 2016 год.

Врз основа на член 58 од Статутот на ФФМ ,Комитетот за итност на ФФМ во состав: Илчо Ѓорѓиоски - претседател, Муамед Сејдини -потпретседател и Светозар Станковски - член на седницата одржана на 09.05.2016 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се покренува иницијатива за доделување на државната награда "8 Септември" за животно дело на Андон Дончевски за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмација и промоција на Република Македонија на меѓународен план.

2. Иницијативата да се проследи до сите спортски федерации во Р.Македонија со цел обезбедување на поддршка согласно условите во конкурсот.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комитетот за итност на Фудбалската ефедерација на Македонија на седницата одржана на 09.05.2016 ја разгледа информацијата проследена од Агенцијата за млади и спорт на РМ за распишување на конкурс за доделување на државна награда "8 Септември". Со државната наградата "8 Септември" се оддава признание на спортисти, тренери и спортски работници за остварувања во областа на спортот.

Во врска со погоренаведеното Комитетот за итност заради исклучителен придонес во развојот на фудбалот, афирмација и промоција на Република Македонија на меѓународен план одлучи да покрене иницијатива за поддршка за доделување на оваа награда во категоријата животно дело на Андон Дончевски, поранешен фудбалер, тренер и селектор на „А" националниот тим на Македонија.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-691/5